**5039.**

Врз основа на членот 109 став (2) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20, 253/23 и 187/24), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 декември 2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2026 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Северна Македонија ја одобрува Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година, усвоена од Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот систем со Одлука број 01-179/1, усвоена на седницата одржана на 25 ноември 2025 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 7290/1
24 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши**, с.р.

---

Në bazë të nenit 109, paragrafi (2) të Ligjit të Sistemit Hekurudhor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 dhe 64/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 302/20, 253/23 dhe 187/24), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 24 dhjetor 2025, miratoi

**V E N D I M**
**PËR MIRATIMIN E PROGRAMIT VJETOR TË PUNËS DHE ZHVILLIMIT TË AGJENCISË SË RREGULLIMIT TË SEKTORIT HEKURUDHOR PËR VITIN 2026**

Neni 1

Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut e miraton Programin vjetor të punës dhe zhvillimit të Agjencisë së Rregullimit të Sektorit Hekurudhor për vitin 2026, i miratuar nga Këshilli Drejtues i Agjencisë së Rregullimit të Sistemit Hekurudhor me Vendimin numër 01-179/1, i miratuar në seancën e mbajtur më 25 nëntor 2025.

Neni 2

Ky vendim hyn në fuqi ditën e publikimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08 – 7290/1
24 dhjetor 2025
Shkup

Kryetari i Kuvendit të
Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Afrim Gashi,** d.v.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**5040.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2025 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, се избира Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје, врз основа на спроведена поедноставена отворена постапка по јавна набавка со Оглас бр.16218/2025 за вршење на финансиска ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда бр.2003-70/4 од 25.9.2025 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-9412/9
23 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**5041.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна